

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претст авиме имињата, зборовите, изразите, називите, термините... кои се во „Библискиот речник“:***
***Завулон***
***- синот на Леа и Јаков,***
***родоначелник на Завулоновото***
***племе, до***
***Зоровавел - семе од***
***Вавилон,***
***внук на Јехонија***

**Завулон** - син на Леа и Јаков, родоначелник на Завулоновото племе (1 Мој 30,20). Ова племе ја поседувало територијата околу Назарет и долината Језреел, се до Сидон (1 Мој 30,20). Во Суд 4,24 се напоменува дека Израелците од Завулоновото и Нефталимовото племе на заповед од Девора, го победиле Сисара. Подоцна се спомнува земјата Завулонова. но не и припадниците на племето (Мт 4,13.16). ВоОткр 7,8 Завулон се спомнува како едно од дванаесетте израелски племиња.

**Заедница** - Божји народ што се собира заедно. Во СЗ член на заедницата, односно на Божјиот народ - Евреите се станувало по раѓање. Религиското значење на заедницата е собирање на богослужење (3 Цар 8,55; Пс 111,1). Во одделни преводи на НЗ подеднакво значење им се придава на изразите заедница и Црква, за изворниот антички грчки израз ,,ек-лесиа". Заедницата може да биде куќна, месна, или составена од повеќе заедници, односно да биде огранизирана на различни нивоа, а повеќе заедници ја сочинуваат Црквата.

**Заедница на светите** - според апостолот Павле христијаните се свети (Фил 1,1), заради тоа што се во Христос. Во Првото послание до Коринтјаните 1,2 тие се повикани да бидат свети, зашто се „осветени во Исус Христос". Светите се изедначуваат со припадницмте на Црквата.

**Заем** - според СП заемот се смета за добро дело, кога некому му се позајмува пари или животни потрепштини (Пс 112,5; Мт 4,42). Во СЗ било забрането да се зема камата на заемот од сонародниците (5 Мој 23,20). Доверителот смеел да бара залог (5 Мој 24,10), но морал да го врати до залезот на сонцето, ако се работело за предмет неопходен на позајмувачот (2 Мој 22,25). Преданието долго време им забранувало на христијаните да земаат камати ( Види Лк6,34).

**Зајак** - нечисто животно за Евреите, затоа што нема разделени шепи и не е папкар и преживар, па според тоа не смее да се јаде **(3МојИ.6).**

**Заклетва** - поткрепување на некоја вистина (1 Мој 47, 31; 50,5,25), заколнување и повикување на Бог заради поткрепа на некое ветување (1 Мој 50,5-7; ИН 2,12-14). Посебно значајна е заклетвата при склопување на сојуз, односно завет (1 Мој 21,31; 26,2-31; ИН 9,15). Евреите се заколнувале во некое од Божјите имиња, **а** било најстрого забрането колнење во идоли или лажно колнење (2 Мој 20,7; 3 Мој 19,12; 5 Мој 1,34). Според Мт 5,33-37 Христос е строго против заклетвата, зашто бара безусловно верување на дадениот збор. Заклетвата е сама по себе знак на недоверба, па не би требало да се јавува во христијанската заедница (Јак 5,12).



BOOK OF THE LAW
"This day the Lord thy God hath commanded thee to do these statutes and judgments; thou shalt therefore keep and do them with all thine heart, and with all thy soul. Thou hast avouched the Lord this day to be thy God, and to walk in His ways, and to keep His statutes, and His commandments, and His judgments, and to hearken unto His voice."
"Thou shalt not oppress a hired servant that is poor and needy, whether he be of thy brethren, or of thy strangers that are in thy land within thy gates; at his day shalt thou give him his hire, neither shall the sun go down upon it; for he is poor, and setteth his heart upon it; lest he cry against thee unto the Lord, and it be sin unto thee."
"Thou shalt not defraud thy neighbor, neither rob him; the wages of him that is hired shall not abide with thee all night until morning."







Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И СЛАВЕ КАТИН**